Здружение на новинарите на Македонија
Членка на меѓународната федерација на новинари IFJ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# НА ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИ НА МАКЕДОНИЈА
за периодот 2012-2014

Декември 2011

**СОДРЖИНА**

1. ВОВЕД

2. ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

3. ВИЗИЈА И МИСИЈА НА ЗНМ

4. АНАЛИЗА НА ВНАТРЕШНО И НАДВОРЕШНО ОПКРУЖУВАЊЕ

5. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, НАСОКИ И АКТИВНОСТИ (2012-2014)

6. ОРГАНИЗАЦИСКА И УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА

7. ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ, ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН
   - 7.1. предвидени и потребни финансиски средства
   - 7.2. потребни човечки ресурси за спроведување на стратешкиот план
   - 7.3. следење и оценка на стратешкиот план

8. БУЏЕТ ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ; НАСОКИ И АКТИВНОСТИ (2012-2014)

**ПРИЛОЗИ**

1. Детален план на активности (2012-2014)

**КРАТЕНКИ**

1. ЗНМ – Здружението на новинари на Македонија
2. УО - Управен одбор
3. НО- Надзорен одбор
4. ИК- Извршна Канцеларија
5. РЦ- Регионални центри
6. КД- Колективни договори
7. МП – Министерство за Правда
8. МВР– Министерство за внатрешни работи
9. МНР– Министерство за надворешни работи
10. МФ–Министерство за финансии
11. ВРМ– Влада на РМ
12. ДЗР–Државен завод за ревизија
13. ПП– Политички партии
14. СРД– Совет за радио дифузија
15. ЈО- Јавно обвинителство
16. ГОи– Граѓански организации
17. ЕУ– Европска унија
18. РМ– Република Македонија

**ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗНМ НАСЕР СЕЛМАНИ**



Почитувани

Стратешкиот план за периодот 2012 – 1014 година, Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) го подготви за да претставува насочувач кон целите што сакаме да ги оствариме во претстојниот тригодишен период. Како главни цели, на кои ќе се концентрираме во нашата работа се:

1. Зголемување на кредибилитетот и довербата на јавноста кон новинарите
2. Зголемување на новинарската солидарност и довербата на новинарите во ЗНМ
3. Унапредување на професионалните стандарди и етика
4. Реформа на правната рамка и креирање на политики во медиумите

Сметаме дека ЗНМ, со своето искуство, мотивирано членство и заложби за постигнување на слободата на говорот и работата на медиумите ќе може да ги оствари планираните цели. Тоа ќе придонесе за поуспешно извршување на тековните активности, а секако и за воспоставување на позитивно опкружување за работа на медиумите и медиумските работници во Република Македонија (РМ).

На тој начин, ЗНМ ќе даде свој придонес во развојот на демократските процеси во Република Македонија.

## 1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) е документ во кој се претставени целите, насоките, активностите и потребните средства за период од три години (2012-2014). Во согласност со Стратешкиот план, ЗНМ ќе изготвува и годишни планови преку кои ќе ги операционализира активностите за остварување на стратешките цели.

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) е основано во 1946 година. Член е на Меѓународната федерација на новинарите.

ЗНМ е независно, самостојно, невладино и непартиско здружение, чија цел е да биде промотор и заштитник на професионалните стандарди и на слободата на изразување.

Согласно Статутот на ЗНМ, посебни цели и задачи на ЗНМ се:

-Ја брани слободата на печатот, радиото, телевизијата и на другите медиуми;

-Се бори против нивната злоупотреба, создавањето монополи и било какви форми на цензура на штета на вистинитото, целосното, непристрасното и навременото информирање на јавноста;

-Ги заштитува и унапредува слободите, правата и одговорноста на новинарите, врз основа на Уставот и законите на Република Македонија, Статутот и актите на ЗНМ, како и меѓународните документи што се однесуваат на слободата на јавните гласила, и остварувањето на изразувањето и информирањето како основни човекови права.

-Го заштитува угледот и достоинството на новинарот и новинарската професија и ја заштитува и поттикнува слободата на критичкиот и креативниот труд.

-Ги застапува членовите, ги претставува пред општествената заедница, активно учествува при подготовката на законските прописи и меѓународни конвенции од интерес на професијата и го брани професионалниот интерес согласно Кодексот на новинарите на Македонија.

Највисоко управно тело на ЗНМ е Собранието, кое го сочинуваат сите активни членови. Собранието избира Управен одбор (УО) од 14 членови, кој е раководен и претставуван од претседателот. Собранието избира и Надзорен одбор (НО) од 7 членови, Совет на честа составен од 7 члена. Актуелниот состав на раководството на ЗНМ е избран на 11 декември 2010година.
Управниот одбор по потреба формира работни тела/комисии. ЗНМ има и 6 регионални центри (во Куманово, Тетово, Струмица, Штип, Струмица и Охрид).
За админстративно-техничките работи на ЗНМ, се грижи извршна канцеларија (ИК), предводена од извршен директор.

## 2. ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Процесот на стратешко планирање на ЗНМ беше спроведен во периодот Септември – Ноември 2011 година и беше раководен од страна на членовите на УО, ИК, и РЦ, а работата беше координирана од еден надворешен консултант со долгогодишно искуство за раководење со процес на стратешко планирање. Процесот на изготвување се состоеше од повеќекратна анализа на моменталната состојба и потребите и плановите на ЗНМ. Консултантот подготви предлог програма за изработка на стратешкиот план со активности кои овозможуваат членовите на УО, НО, РЦ и ИК на ЗНМ да ги презентираат нивните видувања и ставови.

Самиот процес започна со спроведување на проценка на потреби на членовите на ЗНМ и персоналот на ИК од страна на ангажираниот консултант кој подготви прашалник за проценка на

потреби, согласно методологијата на Интегриран Организациски Модел (ИОМ) со цел да се идентификуваат областите и приоритетите на делување како и потребата за дополнителна поддршка и институционален развој. Прашалникот беше доставен до ЗНМ, а резултатите од анкетата беа сумирани, разгледани и дискутирани на тро-дневната работилница за стратешко планирање при што беа утврдени клучните цели на развој, предизвици, предности и слабости на ЗНМ во Октомври 2011. Работилницата започна со процесот на визионирање, по што беше спроведена анализа на надворешното опкружување со користење на Матрица на опфат, како и идентификација и анализа на внатрешни јаки и слаби страни на ЗНМ, и анализа на опкружувањето односно анализа на надворешни можности и закани (SWOT анализа). Потоа беше изработена Матрица на стратешка ориентација која се базира на анализа на јаките и слабите страни, можностите и заканите (SWOT), што резултираше со нацрт стратешки цели и насоки. Во продолжение беа организирани и две еднодневни работилници во просториите на ЗНМ во Скопје, за допрецизирање на одредени аспекти, изработка на детален план на активности за три години и буџет како и за комплетирање на стратешкиот план.

Процесот на стратешко планирање беше воден од Зоран Стојковски, во својство на надворешен консултант.

**ВИЗИЈА и МИСИЈА на ЗНМ**

***ВИЗИЈА на ЗНМ***

ЗНМ е водечка национална организација која ги обединува новинарите и медиумските работници во РМ во остварувањето на правата на новинарите, и заштита и промоција на слободата на говорот и слободата на медиумите. ЗНМ е влијателна организација која се залага за донесување и спроведување на соодветна законска регулатива што ја регулира работата на медиумите и ги штити новинарите и медиумските работници од притисоците на сопствениците на медиумите и од политичките влијанија. ЗНМ и неговите 6 регионални центри на ЗНМ активно придонесуваат во решавањето на предизвиците со кои се соочуваат локалните новинари и дописници. ЗНМ активно работи на промовирање на професионалните стандарди и етика, и во унапредувањето на квалитетот на новинарските содржини. Новинарите, сопствениците и владините инстититуции ги почитуваат високите стандарди во работата на новинарите, што позитивно влијае на квалитетот во информирњето на граѓаните и јавноста, како и развојот на демократските процеси во РМ.

ЗНМ е финансиски одржлива организација која располага со кадровско и организациско зајакната извршна канцеларија и воспоставени современи оперативни, информатички и технолошки решенија во работата. ЗНМ е во редовна комуникација и соработка со своето масовно и ангажирано членство, кое е постојано анимирано во адресирање на предизвиците и унапредување на професијата. ЗНМ со своето работење има висока препознатливост во јавноста и имиџ на респектабилна, независна, и силна организација на новинарите. ЗНМ има воспоставено редовна и професионална соработка со сите релевантни домашни и меѓународни институции, граѓански организации, компании кои почиваат на доверба и почитување. Со своите демократски избрани органи и тела, како и воспоставени практики во работата, ЗНМ служи како пример за добра пракса во заштита и промоција на слободите и правата на новинарите.

***МИСИЈА на ЗНМ***

ЗНМ е водечка национална организација која ги обединува новинарите и медиумските работници во РМ кон заштита на слободата на говорот и независноста на медиумите, преку залагање за воспоставување на соодветна законска регулатива за работа на медиумите и медиумските работници. Се стреми кон зголемување на новинарската солидарност и заедништво, како и кон подигање на професионалните стандарди и етика на новинарите во РМ.

***КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ***

- Заштита и промоција на професионалните стандарди и етика во новинарството и воспоставување на механизми за нивно спроведување (само-регулација),
- Лобирање за целосно и неселективно спроведување на законската регулатива во областа на медиумите
- Соработка со клучните организации и институции во сферата на медиумите
- Заштита на правата и слободите на новинарите
- Информирање и проактивна комуникација со новинарите, медиумите и јавноста
- Обезбедување на бенефиции за членството
- Активности за развој на добри практики во новинарството на членството
- Опфат на сите новинари на национални и локално ниво (преку ИК и 6-те Регионални центри)

***ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ***

- Независност
- Стручност и професионалност

- Јавност
- Транспарентност
- Отчетност
- Етичност
- Застапување за членството

***ГЕОГРАФСКИ ОПФАТ***

Република Македонија

***ЦЕЛНИ ГРУПИ***

- Новинари
- Медиумски работници
- Државни и владини институции
- Сопственици на медиуми
- Граѓански организации
- Политички партии
- Меѓународна заедница
- Компании
- Граѓани

***ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА***

- Медиуми
- Претседател на РМ
- Собрание на РМ
- Влада на РМ
- Секретеријат за европски прашања
- Министерство за Правда
- Министерство за труд и социјала
- Министерство за транспорт и врски
- Совет за радио дифузија
- Единици на локална самоуправа (ЕЛС)
- Заедница на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС)
- Политички партии
- Судови
- Амбасади во Република Македонија
- Домашни и странски фондации и меѓународни институции
- Јавно правобранителство
- Синдикатот на Медиумските работници (ССНМ)
- Граѓански организации
- Институти за истражување
- Бизнис асоцијации и комори
- Македонската Академија на Науките и уметностите (МАНУ)
- Факултет новинарство во Скопје
- Меѓународни и регионални новинарски организации

## 4. АНАЛИЗА НА НАДВОРЕШНО И ВНАТРЕШНО ОПКРУЖУВАЊЕ - SWOT АНАЛИЗА на ЗНМ

*Внатрешна анализа*

### *Strengths (Силни страни)*

1. Започнат е процесот на само-регулација во ЗНМ за почитување на професионалните и етички стандарди во новинарството (антикорупцискиот кодекс, прирачникот за покривање избори и други документи)
2. Постои поголема демократичност во рамките на организацијата (Избори на кои секој член слободно гласа и Избор на нови тела и органи, организирани слободни избори по принципот „еден член, еден глас“)
3. Зголемена комуникација и информирање на членството за работата на ЗНМ
4. ЗНМ се залага за намалување на бројот на кривични пријави против новинарите (со медијација, со законските измени новинарот да не одговара)
5. Овозможување на одредени попусти и други придобивки за медиумските работници
6. Воспоставена соработка со Влада на РМ, политичките партии од позицијата и опозицијата во врска со прашања кој ги засегаат новинарите
7. Бројни дебати и вклучување на членството во нив
8. Подобрено информирање на јавноста за работата на ЗНМ и состојбата во новинарството преку веб страната на ЗНМ и месечниот билтен
9. ЗНМ независно гради ставови за состојбата со медиумите без да дозволи влијанија од надвор
10. ЗНМ остро и гласно се спротивставува на секоја измена на законите кои ја загрозуваат слободата на медиумите и новинарите и на регулаторните тела
11. Управниот одбор е отпорен на политички и други влијанија
12. Работата на извршната канцеларијата е соодветна и воведува нови принципи на работа, ги спроведува проектите и организира конференции и средби со уредниците, сопствениците како и претставниците од амбасадите во Скопје
13. Подобрен е административниот и финансискиот систем/процедури (воспоставена е внатрешна мрежа за дистрибуција на документи во извршната канцеларија и подобрен е системот за архивирање, системот за менаџирање со членови)
14. Во последната година со партнерски организации е зголемен бројот на проекти финансирани од донаторски организации и амбасади
15. ЗНМ има подобрени односи со јавноста и надворешната комуникација

### *Weaknesses (слаби страни)*

1. ЗНМ нема одржлив систем за финансирање на правната помош
2. ЗНМ има недостаток на експертска помош за отворено лобирање за подобрување на законската регулатива во областа на медиумите
3. Во ЗНМ не постои редовна практика на непосредна комуникација и анимација на новинари
4. Недоволна видливост на активностите и остварените резултати. Нескористување на целосниот потенцијал на веб страната на ЗНМ
5. Не се работи доволно на привлекување на ново членство
6. Отсуство на обуки и студиски посети за новинари надвор од земјата за зголемување на технолошките капацитети на новинарите, односно не следењето на трендовите во новинарството
7. Пасивност и недоволна ангажираност на дел од членовите на Управниот одбор
8. Неактивност на работните групи воспоставени од страна на УО
9. Отсуствува поголема инволвираност на членството од внатрешноста во донесување на одлуки
10. Побрза реакција на барањата на членството од внатрешноста
11. Недостасува ажурна комуникација со членството.

12. Не сите членови редовно плаќаат членарина
13. Раководните органи на ЗНМ недоволно го анимираат членството да ги исполни своите обврски
14. Не сите координаторите на регионални центри на ЗНМ се активни (нема избран коордиантор во регионалниот центар во Штип)
15. Постои потреба од размена на искуство на колегите од другите земји
16. ЗНМ нема финансиска одржливост согласно сегашните извори на финансирање во целост да ја исполни својата мисија

*Надворешна Анализа*

**Opportunities (Позитивни надворешни фактори)**

1. Слобода на изразувањето и медиумите се наоѓа високо на листата на приоритети на ЕУ и на САД во однос на РМ
2. Јавноста ја препознава потребата за постоење на професионални медиуми, објективно информирање и истражувачко новинарство
3. Постои можност од поголемо вклучување на членството.
4. Има спремност за зајакнување на соработката на ЗНМ со регионалните центри
5. Има потреба од зголемување на новинарската солидарност
6. Има одлична соработка со МИМ, ССНМ, МДЦ, ЦЦЦ, Цивил медиа, Коалиција за правично судење и други граѓански организации
7. Постои потреба од воспоставување на соработката со бизнис секторот

**Threats (негативни надворешни фактори)**

1. Партизирани и поделени медиуми
2. Зголемен притисок од страна на сопствениците на медиумите и политичарите врз новинарите
3. Неспроведување на законска регулатива во областа на медиумите како и селективно спроведување на законската регулатива
4. Низок степен на почитување на професионалните стандарди и етика
5. Немање на соодветен систем на само-регулација
6. Лошата материјална состојба на новинарите
7. Наметнување на тезата за поделба меѓу новинарите е закана за професионалното новинарство

**5. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, НАСОКИ и АКТИВНОСТИ**

## Нацрт Стратешки цели[1] на ЗНМ

1. Зголемување на кредибилитетот и довербата на јавноста кон новинарите и новинарството
2. Зголемување на новинарската солидарност, заедништво и довербата на новинарите во ЗНМ
3. Заштита и промовирање на професионалните стандарди и етика во новинарството
4. Сеопфатна реформа на правната рамка и креирање на политики во медиумите во РМ

## Нацрт Стратешки цели и насоки[2] на ЗНМ

1. **Зголемување на кредибилитетот и довербата на јавноста кон новинарите и новинарството**
   - 1.1. Воспоставување на саморегулација како механизам за отченост кон јавноста и развој на одговорно новинарство
   - 1.2. Навремено, точно и непристрасно информирање на јавноста за работата на ЗНМ и за состојбите во новинарството
   - 1.3. ЗНМ активно и отворено се застапува и лобира спроведување на законската регулатива во областа на медиумите
   - 1.4. ЗНМ активно соработува со Граѓанскиот сектор и Академски институции во решавањето на состојбите во новинарството

2. **Зголемување на новинарската солидарност, заедништво и довербата на новинарите во ЗНМ**
   - 2.1. Заштита на правата на новинарите од притисокот на сопствениците на медиумите и политиката
   - 2.2. Проактивна комуникација со новинарите и медиумите за улогата и придобивките
   - 2.3. ЗНМ овозможува бенефиции и други придобивки за медиумските работници
   - 2.4. Регионалните центри активно придонесуваат во работата на ЗНМ

3. **Заштита и промовирање на професионалните стандарди и етика во новинарството**
   - 3.1. Спроведување на активности на Press council (надополнување на активности со 1.1. во делот на спроведување )
   - 3.2. Редефинирање и зајакнување на Совет на честа( СнЧ)
   - 3.3. Програми за обука и развој на вештини на членови
   - 3.4. Унапредување на професионализмот на новинарите

4. **Сеопфатна реформа на правната рамка и креирање на политики во медиумите во РМ**
   - 4.1. Намалување на притисок од страна на сопствениците на медиумите и политичарите врз новинарите
   - 4.2. Унапредување и спроведување на законската регулатива во областа на медиумите
   - 4.3. ЗНМ да воспостави и да гради добри односи со сите релевантни актери кои се во корелација со медиумската сфера (институции, ГОи, Бизнис Сектор, меѓ. Орг.)

---

[1] Стратешките цели се обележани со еден референтни број (пр. 1, 2, 3 и 4)

[2] Стратешките насоки се обележани со два референтни броја (пр. 1.1., 1.2., 2.1., 2.2., 2.3. итн)

## Нацрт Стратешки цели, насоки и активности[3] на ЗНМ

1. **<u>Зголемување на кредибилитетот и довербата на јавноста кон новинарите и новинарството</u>**

**1.1. Воспоставување на саморегулација како механизам за отченост кон јавноста и развој на одговорно новинарство**

- 1.1.1. Одржување на обука за РГ која ќе работи на саморегулацијата
- 1.1.2. Запознавање со нормативна рамка на други Совети на печат од другите земји
- 1.1.3. Запознавање на медиуми со концептпот
- 1.1.4. Консултации со сопственици на медиуми
- 1.1.5. Работилници за консултации и инпут со ГОи
- 1.1.6. Кампања за промовирање на саморегулација
- 1.1.7. Донесување на статут за совет на печат
- 1.1.8. Изборно собрание на совет за печат

**1.2. Навремено, точно и непристрасно информирање на јавноста за работата на ЗНМ и за состојбите во новинарството**

- 1.2.1. Одредување на лице за ПР
- 1.2.2. Обука за односи јавноста
- 1.2.3. Лице за одржување на интернет страница (тех. Лице и ПР-от)
- 1.2.4. Обука за лице за веб
- 1.2.5. Учество во дебати и интервјуа на членови на УО и други тела
- 1.2.6. Дебати за состојбите во новинарството
- 1.2.7. Редовни прес конференции
- 1.2.8. Лице за преводи на албански и англиски
- 1.2.9. Воведување на дежурства на членови
- 1.2.10. Информирање на членството

**1.3. ЗНМ активно и отворено се застапува и лобира спроведување на законската регулатива во областа на медиумите**

- 1.3.1. Дијалог со владата (нацрт акционен план- 2 пати месечно со РГ за соработка со влада)
- 1.3.2. Меморандум за соработка и нацрт акционен план
- 1.3.3. Консултации со членство за членство за процес на преговори со влада
- 1.3.4. Консултации со ГОи и експерти
- 1.3.5. Консултации со сопственици од медиуми (согледување на нивните ставови за спроведување на ЗРО, колективните договори)
- 1.3.6. Соработка со ССНМ (во врска со ЗРО)
- 1.3.7. Соработка со амбасади и меѓународни институции
- 1.3.8. Обуки на членови на ЗНМ за преговарање
- 1.3.9. Информирање на јавноста за преговорите со влада во делот на законската регулатива
- 1.3.10. Гостување на Висок претставник на ОБСЕ за слобода на медиумите
- 1.3.11. ОБСЕ: Анализа за трансформација на МРТВ и Анализа за Декриминилазаицијa
- 1.3.12. ЕУ: Регулирање на владини кампањи и Правна помош за нормативната рамка
- 1.3.13. Мисија на група на меѓ. ГОи (ИФЈ, РбГ, СЕЕМО, и др) да направат мониторинг на состојбите со слободата на изразувањето

---

[3] Стратешките насоки се обележани со три референтни броја (пр. 1.1.1, 1.1.2., 2.1.1., 2.1.2, 2.1.3. итн)

**1.4. ЗНМ активно соработува со Граѓанскиот сектор и Академски институции во решавањето на состојбите во новинарството**

1.4.1. Соработка со МИМ
1.4.2. Соработка со ССНМ
1.4.3. Соработка со факултети и експерти
1.4.4. Посети на ЗН од регионот

**2. Зголемување на новинарската солидарност, заедништво и довербата на новинарите во ЗНМ**

2.1. **Заштита на правата на новинарите од притисокот на сопствениците на** медиумите и политиката

2.1.1. Дебати и јавни расправи со сопственици, менаџери, пол.партии во делот на почитување на професионални и етички норми
2.1.2. Бесплатна правна помош и медијација за новинари- членови на ЗНМ во:
- случаи на прекршување на нивните права,
- во постапување во делот на клевета и навреда

2.1.3. Соработка со СНММ и поддршка во делот на потпишување на КД во сите медиуми
2.1.4. Линкови до органи на ЗНМ каде новинари можат да адресираат некој свој проблем во оваа сфера
2.1.5. Зголемување на свесноста на новинарите за заштита од само-цензура

**2.2. Проактивна комуникација со новинарите и медиумите за улогата и придобивките од членството во ЗНМ**

2.2.1. Обуки за користење на новите интернет медиуми и компјутерски технологии
2.2.2. Има простор за преземање поголеми обврски и одговорност од членовите на УО
2.2.2.1. Внатрешни правилници за одредување на дополнителни обврски на членови на УО и на ИК

**2.3. ЗНМ овозможува бенефиции и други придобивки за медиумските работници**

2.3.1. Потпишување на договори со компании за поволности на членовите на ЗНМ

**2.4. Регионалните центри активно придонесуваат во работата на ЗНМ**

2.4.1. Проактивност на РЦ во делот на опфат на новинари кои ги покриваат, и зголемување на иницијативи од нивна страна
2.4.2. Месечни средби на членови на УО со РЦ

**3. Заштита и промовирање на професионалните стандарди и етика во новинарството**

**3.1. Спроведување на активности на Press council (надоплнување на активности со 1.1. во делот на спроведување )**

3.1.1. Активности за спроведување на активности на Press council
3.1.2. Обука на членови на Press council
3.1.3. Донесување на нов Кодекс на Press council

**3.2. Редефинирање и зајакнување на Совет на честа( СнЧ)**

3.2.1. Редифинирање на концептот на функционирање на СнЧ

**3.3. Програми за обука и развој на вештини на членови**

3.3.1. Обука за млади новинари

3.3.2. Професионално усовршување и едукација на новинарската фела
3.3.3. Обуки за локални медиуми и дописници
3.3.4. Студиски посети во други држави
3.3.5. Истражување на ставови/перцепција на граѓаните во однос на професионализмот на новинарите
3.3.6. Истражување на ставови/перцепција на новинари во однос на професионализмот на новинарите

4. **<u>Сеопфатна реформа на правната рамка и креирање на политики во медиумите во РМ</u>**

**4.1. Намалување на притисок од страна на сопствениците на медиумите и политичарите врз новинарите**

4.1.1. Воспоставување на саморегулативни механизми преку Press council
4.1.2. Договор со политички партии во форма на декларација за мораториум на кривични тужби за клевета и навреда против новинари до декриминализација
4.1.3. Иницирање за формирање на тело на сопственици на медиуми како релевантен партнер на ЗНМ

**4.2. Унапредување и спроведување на законската регулатива во областа на медиумите**

4.2.1. Законска обврска за формирање на репрезентативно тело на работодавачи од медиуми
4.2.2. Лобирање и притисок на доследна примена на ЗРО во делот на правата на работниците
4.2.3. Декриминилизација на клевета и навреда
4.2.4. Закон за транспаретна распределба на средства од буџет за владини кампањи
4.2.5. Изземање на новинарите од следење на комуникации во истражна постапка за трети лица (слично како адвокатите во моментот)
4.2.6. Воспоставување на системски мониторинг на прекршување на законите и формирање на служба (во ЗНМ ) за пријавување на случаи на прекршување (СОС телефон)
4.2.7. Стратегија за одржливост на системот на правна помош новинарите во ЗНМ
4.2.8. Измени и спроведување на законот за радиодифузија
4.2.9. Измени на законот за слободен пристап на информации од јавен карактер (кратење на рокови од 30 на 10 дена)

**4.3. ЗНМ да воспостави и да гради добри односи со сите релевантни актери кои се во корелација со медиумската сфера (институции, ГОи, Бизнис Сектор, меѓ. Орг.)**

4.3.1. Иницирање на програма за обука на судии и обвинители за подобрување на судската пракса во процесите против новинарите
4.3.2. ПР Кампања за зголемување на видливоста на ЗНМ како партнер за дијалог
4.3.3. Соработка со ЗЕЛС за подобрување на достапноста на информации на локално ниви и отворање на сервис за информации за новинарите на локалните медиуми
4.3.4. Развивање на соработка со Високо образовни институции и институти во насока на експертиза по одредени прашања

## 6. ОРГАНИЗАЦИСКА и УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА

Статутот на ЗНМ ја дефинира организациската и управувачката структура на ЗНМ.

Највисоко управно тело на ЗНМ е Собранието, кое го сочинуваат сите членови. Собранието избира Управен одбор (УО) од 14 членови, кој е раководен и претставуван од претседателот. Собранието избира и Надзорен одбор (НО) од 7 членови, Совет на честа составен од 7 члена.
Управниот одбор по потреба формира работни тела/комисии. ЗНМ има и 6 регионални центри (во Куманово, Тетово, Струмица, Штип, Струмица и Охрид).
За админстративно-техничките работи на ЗНМ, се грижи извршна канцеларија (ИК) предводена од извршен директор.



## 7. ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ, ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

### 7.1. ПРЕДВИДЕНИ И ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на стратешкиот план, потребно е да се обезбедат доволно ресурси за навремено подмирување на предвидените трошоци во работата на ЗНМ. Согласно процесот на развој на стратешкиот план, направен е детален буџет потребен за негово спроведување, претставен во поглавје 6.

За работата на ЗНМ, секоја година се издвојуваат средства за расходите согласно одобрениот буџет.

Ако се земат во предвид проектираните вредности на буџетот потребни за реализација на стратешкиот план, и она што ЗНМ го добива како средства од членарината и од проекти, може да се заклучи дека ЗНМ се соочува со недостаток на финансиски средства за реализација на сите планирани активности.

| **ПОТРЕБЕН БУЏЕТ за реализација на Стр. план на ЗНМ** | За сите 3 години (2012-2014) | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| **Буџет на ЗНМ (во МКД)** | **30.744.735,0** | **12.993.605,0** | **9.306.065,0** | **8.445.065,0** |
| **Буџет на ЗНМ (во ЕУР)** | **499.914,4** | **211.278,1** | **151.318,1** | **137.318,1** |

**Табела 2**. Проектирани износи на буџетот на ЗНМ за периодот 2012-2014 (во денари и во Евра)

За да се обезбедат средства за целосно спроведување на активностите предвидени со Стратешкиот план, о задолжително ќе бидат потребни дополнителни извори на финансирање.

Исто така не треба да се заборави дека и во наредниот период, преку билатералната и мултилатералната развојна помош и агенциите за меѓународна соработка и развој, може да се користат средства кои би биле наменети за покривање на дел на активностите предвидени со овој Стратешки план. За таа цел во рамките на ЗНМ е потребно да се развијат вештини за подготовка и менаџирање на проекти, но исто така е потребно активно да се лобира пред претставниците на владините и меѓународните институции.

### 7.2. ПОТРЕБНИ ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

За да се овозможи соодветно раководење со процесот на спроведување на стратешкиот план, редовно следење на спроведувањето, ревидирање и надградување на планот, и обезбедување на финансиски средства, потребно е да се размисли за доекипирање на ЗНМ со нов персонал.

Постои потреба од најмалку 4 извршители во ИК на ЗНМ и тоа за односи со јавност, и двајца за раководење на проекти (проектен координатор и помошник), како и правник кој би обезбедувал бесплатна правна помош за членството. Дел на одговорностите на персоналот би бил да следи, подготвува и раководи со спроведувањето на проекти од меѓународните донаторски агенции и институции.

### 7.3. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

За успешно и доследно спроведување на Стратешкиот план ќе се спроведе соодветен мониторинг во периодот кој го покрива овој документ, како и оценка на достигнувањата во секоја година. За таа цел ќе се формира работна група раководена од Извршниот Директор, за да го следат текот и динамиката на спроведувањето на овој Стратешки план. Оваа работна група ќе изготвува и поднесува извештај до членовите на УО и НО и ќе предлагаат неопходни промени и усогласувања за достигнување на утврдените цели.

Мониторингот на спроведувањето на годишните програми на активности преку кои ќе се реализираат и остваруваат стратешките цели, континуирано ќе го врши ЗНМ односно ИК. ЗНМ тековно ќе ги следи предвидените активности и ќе врши евалуација на зацртаните цели квартално, со поднесување на извештаи, кои ќе содржат информации за прогресот и успехот на имплементација, како и заклучоци и препораки во функција на ефективно и ефикасно спроведување на планот. За следење на активностите се утврдени индикатори преку кои се мери степенот на остварување на целите како и извори на верификација, во рамки на деталниот план на активности кој што е во прилог на стратешкиот план.

## 8. БУЏЕТ ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ; НАСОКИ И АКТИВНОСТИ (ЗА 2012-2014 Г.)

| **Стратешка цел 1: Зголемување на кредибилитетот и довербата на јавноста кон новинарите и новинарството** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Стратешки насоки и активности за цел 1*** | ***Вкупен буџет (2012-2014)*** | ***Вкупно (МКД)-2012*** | ***Вкупно (МКД)-2013*** | ***Вкупно (МКД) - 2014*** |
| СН 1.1. Воспоставување на саморегулација како механизам за отченост кон јавноста и развој на одговорно новинарство | **4.093.440,0** | **4.093.440,0** | | |
| 1.1.1. Одржување на обука за РГ која ќе работи на саморегулацијата | | | | |
| 1.1.2. Запознавање со нормативна рамка на други Совети на печат од другите земји | | | | |
| 1.1.3. Запознавање на медиуми со концептот | | | | |
| 1.1.4. Консултации со сопственици на медиуми | | | | |
| 1.1.5. Работилници за консултации и инпут со ГОи | | | | |
| 1.1.6. Кампања за промовирање на саморегулација | | | | |
| 1.1.7. Донесување на статут за совет на печат | | | | |
| 1.1.8. Изборно собрание на совет за печат | | | | |
| СН 1.2. Навремено, точно и непристрасно информирање на јавноста за работата на ЗНМ и за состојбите во новинарството | **3.474.750,0** | **1.359.150,0** | **1.211.550,0** | **904.050,0** |
| 1.2.1. Одредување на лице за ПР | 1.107.000,0 | **369.000,0** | **369.000,0** | **369.000,0** |
| 1.2.2. Обука за ПР (преку проект) | 615.000,0 | **307.500,0** | **307.500,0** | |
| 1.2.3. Лице за одржување на интернет страница (тех. Лице и ПР-от) | 332.100,0 | **110.700,0** | **110.700,0** | **110.700,0** |
| 1.2.4. Обука за лице за веб | 147.600,0 | **147.600,0** | | |
| 1.2.5. Учество во дебати и интервјуа на членови на УО и други тела | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.2.6. Дебати за состојбите во новинарството | 848.700,0 | **282.900,0** | **282.900,0** | **282.900,0** |
| 1.2.7. Редовни прес конференции (еднаш месечно) | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.2.8. Лице за преводи на албански и англиски | 424.350,0 | **141.450,0** | **141.450,0** | **141.450,0** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.2.9. Воведување на дежурства на членови | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.2.10. Информирање на членството | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| СН 1.3. ЗНМ активно и отворено се застапува и лобира спроведување на законската регулатива во областа на медиумите | **1.168.500,0** | **584.250,0** | **584.250,0** | **0,0** |
| 1.3.1. Дијалог со владата (нацрт акционен план- 2 пати месечно со РГ за соработка со влада) | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.3.2. Меморандум за соработка и нацрт акционен план | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.3.3. Консултации со членство за членство за процес на преговори со влада | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.3.4. Консултации со ГОи и експерти | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.3.5. Консултации со сопственици од медиуми (согледување на нивните ставови за спроведување на ЗРО, колективните договори) | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.3.6. Соработка со ССНМ (во врска со ЗРО) | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.3.7. Соработка со амбасади и меѓународни институции | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.3.8. Обуки на членови на ЗНМ за преговарање | 553.500,0 | **276.750,0** | **276.750,0** | |
| 1.3.9. Информирање на јавноста за преговорите со влада во делот на законската регулатива | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.3.10. Гостување на Висок претставник на ОБСЕ за слобода на медиумите | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.3.11. ОБСЕ: Анализа за трансформација на МРТВ и Анализа за Декриминилазаицијa | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
| 1.3.12. ЕУ: Регулирање на владини кампањи и Правна помош за нормативната рамка | 0,0 | **0,0** | **0,0** | **0,0** |
